Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 68, 15 октомври 2011 година

октомври 2011 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област финансии на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 4

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Книжевност за деца” од авторот доц. д-р Јованка Денкова од Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 12

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по книжевност за деца“ од авторот доц. д-р Јованка Денкова од Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 14

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Оперативни системи – скрипта“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и м-р Ѓорѓи Димов од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 16

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Оперативни системи – практикум со вежби“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и м-р Ѓорѓи Димов од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Фетална анатомија и конгенитални аномалии“ од авторот насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 19

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, на 15. седница одржана на 1 септември 2011 година, донесе Одлука бр. 1702-223/6 за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање ***асистент*** за наставно-научната област ***финансии*** на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" -Штип, во состав:

– доц. д-р Оливера-Ѓоргиева -Трајковска (претседател);
– проф. д-р Ристо Фотов (член);
– доц. д-р Крсте Шајноски (член).

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 18 август 2011 година, за избор на асистент во научната област *финансии,* во предвидениот рок се пријавија следниве кандидати: м-р Илија Груевски, м-р Дарко Димитров, м-р Александар Павлески и м-р Тања Митева.

По разгледување на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип му го поднесува следнив

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Илија Груевски** е роден на 14 април 1977 година во Кочани, каде што ги завршува основното и средното образование со одличен успех.

Во 2002 година дипломира на Економскиот факултет во Скопје, на отсек Деловна (бизнис) економија, насока Финансиско-сметководствен менаџмент, со што се стекнува со право на стручен назив дипломиран економист. Заради стручно усовршување, врз основа на размена на студенти, во текот на студиите една година престојува во САД. Во академската 2004/2005 година се запишува на постдипломски студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката Финансиски менаџмент, при што предвидените испити ги положува со просечна оценка 9,78. Магистрира на 4 јуни 2008 година, одбранувајќи го со успех магистерскиот труд со наслов ***„Финансирање и развој на малите и средните претпријатија од текстилната индустрија во Општина Кочани"*** и се стекнува со академско звање **– магистер на економски науки.**

Работел како економист во текстилниот сектор, а повремено врз основа на методологијата на Светската банка изработува инвестициони програми и проекти за домашни компании, кои се приложени во документацијата со која конкурира. Извонредно го познава и користи англискиот јазик, а одлично се служи и со бугарскиот и српскиот јазик. Поседува вештини за работа и користење на сите неопходни компјутерски програми, како што се: Ms Office; Word, Excel, Power Point и слично.

На 14 октомври 2008 година е избран за соработник (помлад асистент) по предметите *Основи на економија* и *Применета економија,* како и други предмети од областа на економските науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип, каде што работи и денес. За време на овој изборен период, кандидатот има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност преку одржување на вежби, објавување на научни и стручни трудови, монографии, како и изработка на скрипти за вежби. Запишан е на докторски студии на Економскиот факултет во Скопје, а пријавената и одобрена тема за изработка на докторска дисертација носи наслов „*Економските ефекти од даночните стимулации*". Учесник е и на проектот „*Спречување на мобингот на работното место*" во реализација на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев".

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

***Кандидатот м-р Илија Груевски достави список на објавени научни и стручни трудови со кои се согледува научната активност, од кои поважни се следниве:***

1. „Финансирање на малите и средните претпријатија од текстилната индустрија во Општина Кочани" (магистерски труд) – Економски институт при УКИМ – Скопје, Скопје, 2008
2. „Политиката на девизниот курс во услови на фиксен режим при неговото формирање" – Годишен зборник на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип, 2009
3. „Начини на одбрана од каматното влијание кај банките и другите финансиски институции" – Годишен зборник на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип, 2009
4. „Структурата на капиталот како фактор во вреднувањето на претпријатијата и инвестиционите вложувања" – Годишен зборник на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип, 2009
5. „Влијанието на економската криза врз текстилното индустриско производство во Република Македонија" – „Економски развој", списание на Економскиот институт – Скопје – Економски институт при УКИМ – Скопје, 2011
6. „Финансирање на малите и средните претпријатија од текстилната индустрија во Општина Кочани" (монографија) – Економски институт при УКИМ – Скопје, Скопје, 2008
7. „Применета економија" – скрипта за интерна употреба за вежби, (Универзитет „Гоце Делчев" – Штип), Штип, 2009

***Список на изработени стручни трудови – инвестициони програми одобрени од проценители и реализирани во праксата:***

1. „Инвестициона програма за изводливоста и економската оправданост на инвестиција во доградба, модернизација и доопремување на хотел", инвеститор: Трговско друштво за производство, трговија и услуги „Спа интернационал" ДООЕЛ - Штип, Штип, 2007
2. „Инвестициона програма за изводливоста и економската оправданост на инвестиција во набавка на опрема товарен камион - кипер", инвеститор: Трговско друштво за производство, трговија и услуги „Ископ" ДООЕЛ увоз-извоз - Штип, Штип, 2007
3. „Инвестициона програма за изводливоста и економската оправданост на инвестиција во изградба на современ производствен објект и набавка на нова производствена опрема", инвеститор: Трговско друштво за вработување на инвалидизирани лица за производство, трговија и услуги „Авес" ДООЕЛ - Штип, Штип, 2007
4. „Инвестициона програма за изводливоста и економската оправданост на инвестиција во набавка на возила и откупување на фирма", инвеститор: „Коби" ДООЕЛ увоз-извоз - Штип, Штип, 2008
5. „Инвестициона програма за изводливоста и економската оправданост на инвестиција во модернизација и набавка на опрема", инвеститор: „Моцарт ТТМ" ДООЕЛ увоз-извоз – Штип, Штип, 2008

***Евалуација на некои од позначајните трудови***

***Евалуација на трудот број 1: „Финансирање на малите и средните претпријатија од текстилната индустрија во Општина Кочани"***

Земајќи го предвид предметот на обработка, слободно може да се констатира дека овој труд третира една исклучително значајна и актуелна проблематика. Значењето произлегува од местото и улогата на текстилната индустрија во Република Македонија и во Општината Кочани во рамките на индустријата и вкупната економија, од аспект на големото учеството во вработувањето и извозот. Актуелноста, пак, е потенцирана со присутните проблеми со кои се соочуваат претпријатијата од текстилната индустрија и неопходноста од креирање на излезни решенија, особено поради сериозните негативни последици предизвикани од економската криза.

Авторот анализира широк дијапазон на прашања од сите сфери на работа и развојот на текстилните претпријатија што на трудот му дава карактер на целовитост и комплексност. Посебно треба да се нагласи ангажманот преку сопствено анкетно истражување, со цел да се дојде до нови информации и оригинални сознанија, што не е можно само со анализа на постојните секундарни податоци. Преку коректниот методолошки пристап во истражувањето авторот доаѓа до релевантни заклучоци и предлози за насоките и можностите за надминување на проблемите. Овие заклучоци и предлози можат да послужат како солидна основа за водењето на деловната и развојната политика на текстилните претпријатија.

Дополнително, начинот на кој авторот ја третира и ја презентира предметната проблематика може корисно да послужи и како модел за истражувања и во други стопански дејности. Содржината на трудот е структурирана во пет глави, вовед и заклучоци. Во прегледот на користена литература се наведени голем број библиографски единици релевантни за третираната проблематика.

Во првата глава, во осврт за состојбите и карактеристиките на стопанството на Општина Кочани, авторот констатира дека структурата е разновидна со претежно учество на текстилната, метало-преработувачката и графичката индустрија, како и угостителската дејност, земјоделието и трговијата. Во поглед на големината, најголем е бројот на микро и мали претпријатија, а значително е помал бројот на средните и големите претпријатија. Анализата посочува дека општината располага со потребните фактори за развој, пред сè со природни ресурси, солидна образовна структура на населението, добра сообраќајна поврзаност итн.

Предмет на обработка во втората глава од трудот претставува анализата на актуелните состојби во текстилната индустрија во Општина Кочани. Компаративните согледувања што ги прави авторот наведуваат на заклучокот дека состојбите се слични со оние што се карактеристични за текстилната индустрија на ниво на целата земја. Тоа главно се однесува на висината на БДП и неговото учество во вкупниот БДП, структурата на производството, значењето во поглед на апсорбирањето на работна сила, високата зависност од увоз на репроматеријали, како и високото учество на извозот, особено во вид на лон-аранжмани. Укажано е на одредените предности на лон-производството, но уште повеќе се потенцирани и неговите негативности. Истакнат е позитивниот пример на единственото големо текстилно претпријатие во Кочани, во чија производствена програма се застапени производи со повисок степен на обработка и повисоко ниво на квалитет, односно производи кои претставуваат препознатлив бренд на пазарот.

Во третата глава се третираат проблемите со кои се соочуваат текстилните претпријатија во Општина Кочани. За таа цел, покрај користењето на расположливите секундарни податоци, авторот ги презентира и резултатите од спроведеното анкетно истражување, преку кое се добиени драгоцени изворни сознанија од сопствениците и стручните лица во текстилните претпријатија. Основните проблеми кои авторот ги констатира и анализира се однесуваат на високиот удел на лон-производството кое во кочанската текстилна индустрија изнесува околу 80%, целосната зависност од увоз на репроматеријали, хроничниот недостиг на квалификувани кадри, недостиг на повисоки форми на стандарди за квалитет, застарена технологија и висок степен на амортизираност на опремата.

Насловот на четвртата глава од трудот е *Економски и финансиски показатели на текстилната индустрија во Општина Кочани* и во неа е направена анализа за успешноста во работењето и финансиската состојба на избрани претпријатија преку кои се отсликува вкупната состојба. Рентабилноста и ликвидноста се оценети како задоволителни на што се должи и интересот за водење бизнис во оваа индустриска гранка. Според резултатите од анкетата продуктивноста е во правопропорционален однос со големината на претпријатијата, односно таа е најниска во микро претпријатијата, а највисока во големото претпријатие. Поради трудоинтензивниот карактер на текстилната индустрија, најголемите трошоци се однесуваат на платите на вработените. Како најчесто користени извори на финансирање се наведени сопствените средства на претприемачите, односно основачите на претпријатијата и банкарските кредити, и покрај високите камати. Структурата на намената на кредитите е

доста поволна, бидејќи поголемиот дел се користи за основни средства (од кои 2/3 за опрема и машини, а 1/3 за градежни објекти), додека помал дел се користи за обртни средства.

Насоките и можностите за развој на текстилната индустрија во Кочани авторот ги презентира во петтата и шестата глава од трудот. Притоа тој нагласува дека стратешките насоки во основа би требало да произлезат и се детерминирани од општите состојби во земјава и во опкружувањето, а особено од глобалните и националните развојни текови, стратешките определби и макроекономските претпоставки. Во тој контекст се посочени концепциите декларирани во стратешките документи на ЕУ (Европска платформа за развој на текстил и облека) и на Република Македонија (Стратегија за развој на текстилната индустрија).

Имајќи го ова предвид, разбирлива и оправдана е целта на авторот со предложениот труд за објавување да даде свој придонес во анализирањето на состојбите и откривањето на потенцијалите и можностите за унапредување на работата и побрзиот развој на текстилните претпријатија во Општина Кочани.

***Евалуација на трудот број 2: „Политиката на девизниот курс во услови на фиксен режим при неговото формирање"***

Во овој труд, авторот прави анализа за оправданоста од евентуалното воведување на мерката девалвација, која беше актуализирана во времето кога постоеше силен притисок за промена на курсот на денарот. Искажаните аргументи во трудот одат во прилог дека евентуалната девалвација на денарот не би можела на краток рок да даде позитивни резултати во поглед на поттикнувањето на надворешно-трговската активност, туку напротив дека оваа мерка во овие постоечки услови би можела да биде многу болна. Притоа, се заклучува дека макроекономската стабилност не би требало да се жртвува по секоја цена. Структурата на нашето стопанство, структурата и моделот на надворешниот сектор, како и актуелната економска криза, според авторот, укажуваат дека девалвацијата во моментот би била контрапродуктивна и би ги продлабочила дефлаторните тенденции. Наместо девалвација, извозната активност би требало да се стимулира со директни извозни мерки, како што се стимулациите во секторите кои носат најголем извозен потенцијал, заради остварување на краткорочни ефекти на тековната сметка.

Сепак, укажува авторот, на среден и долг рок, кога се очекува светската економија да закрепне од рецесијата, стопанството структурно да се реорганизира, а увозоно-извозната активност да придобие поинакви одлики, со оглед на бројните неискористени можности и ресурси на нашата економија, фиксниот курс на денарот би можел да се претвори во сопирачка за економскиот развој на земјава. Затоа, во иднина би требало сериозно да се разгледа можноста за постепена замена на фиксниот курс на денарот со некоја од варијантите на флексибилниот девизен курс (управувачко-флексибилен курс) кој би претставувал не само вентил на заштита и сигурност, но и поттикнувач на економскиот раст и развој.

***Евалуација на трудот број 3: „Начини на одбрана од каматното влијание кај банките и другите финансиски институции"***

Во овој труд авторот ги анализира расположливите начини на редукција на ризикот од каматната стапка кои ги користат финансиските институции. Најпрвин се елаборира традиционалниот приод познат како „менаџмент средства/обврски" кој се фокусира врз одбраната на нето-каматната маргина, која всушност е показател на профитабилноста на банките. Со цел да се изземе влијанието на временскиот хоризонт на набљудување врз сензитивноста на средствата/изворите треба да се примени методот на временските дистрибуции на средствата/изворите. Доколку целта на менаџментот нема за приоритет да ја чува нето-каматната маргина која е книговодствена категорија, туку нето-пазарната вредност на сопствениот капитал тогаш, пак, треба да се примени методот на дурацијата на средствата/изворите.

Освен традиционалните, авторот ги анализира и современите методи за редукција на ризикот на каматната стапка. Едни од најупотребуваните се: фјучерските договори, опциските договори и каматните свапови. Се истакнува дека овие методи се познати

како хеџинг (подесувачки), бидејќи нивото на ризикот може да се регулира, додека во понатамошната анализа се врши нивно конкретно дефинирање. Така се наведува дека фјучерсите се стандардизирани договори за испорака на одредени хартии од вредност во одреден временски рок по определена цена. Опцијата пак дава право, но не и обврска, за испорака или купување на одредени финансиски инструменти по одредена цена, па затоа е добар начин за редукција на еднонасочниот ризик од каматната стапка. Каматните свапови, пак, претставуваат договори за размена на разликата на плаќањата за камата на долговите на странките учесници во меѓународните финансиски пазари подложни на ризикот од промената на каматните стапки.

***Евалуација на трудот број 4: „Структурата на капиталот како фактор во вреднувањето на претпријатијата и инвестиционите вложувања"***

Централното прашање на кое се бара одговор во овој труд е дали постои оптимална структура на капиталот. Авторот ја дефинира структурата на капиталот како различно учество на одделните видови на капитал без разлика дали се работи за финансирање на некој инвестиционен проект или за финансирање на некое претпријатие. Оптимална структура, пак, претставува таква структура т.е. таков однос меѓу различните модалитети на капитал при кој однос, просечната цена на ангажираниот капитал ќе биде најниска. Концептот на оптималноста при формирањето на финансиската структура е во насока на исполнувањето на примарната цел на претпријатието, а тоа е максимизација на богатството на сопствениците (акционерите). За крај авторот нуди одговор на прашањето дали може менаџментот со манипулирање на размерот на структурата на капиталот да ја максимизира вредноста на претпријатието и на неговите акции.

***Евалуација на трудот број 5: „Влијанието на економската криза врз текстилното индустриско производство во Република Македонија"***

Во трудот е направен посебен осврт за влијанието на светската економска криза врз текстилната индустрија во Република Македонија. Анализирано е движењето на производството, вработеноста и извозот. Како последица на економската криза производството на текстилни производи во Република Македонија драстично опаѓа, со динамика поголема од просекот на индустријата и изразита нестабилност и големи ризици во однос на договорите со странските партнери. Констатиран е континуиран пад на бројот на вработените во текстилната индустрија, што исто така е поизразен од динамиката на ниво на целата индустрија. Извозот бележи опаѓање, но со пониски стапки од вкупниот извоз. Според тоа, авторот заклучува дека глобалната економска криза остави своја трага, предизвикувајќи големи негативни последици врз индустриското производство, а особено врз динамиката на производството од текстилната индустрија.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Дарко Димитров** е роден на 5 декември 1978 година во Кочани. Дипломира на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2002 година, на насоката Финансиско-сметководствен менаџмент. Со звањето **магистер по економски науки** од областа на монетарната економија се стекнува во 2009 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во периодот од 2004 до 2008 година работи како наставник по економски предмети во Средното општинско училиште „Љупчо Сантов" во Кочани. Од 2009 до 2010 година е ангажиран како координатор за регионален развој во Центарот за развој на Источен плански регион во Штип.

М-р Дарко Димитров поминува неколку тренинзи и обуки, како: „Регионално брендирање", „Управување со проектен циклус - јакнење на капацитетите за партнери на регионално ниво", „Креирање и работа на училишна компанија".

Одлично го познава англискиот јазик и поседува солидни компјутерски способности и компетенции.

По деталното разгледување на приложените документи, Комисијата заклучи дека кандидатот м-р Дарко Димитров има магистрирано во областа монетарна економија,

со што не го поседува соодветното образование кое се бара според Конкурсот. Исто така, кандидатот нема приложено воопшто трудови со кои би се докажала неговата научноистражувачка дејност.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Александар Павлески** е роден на 20 март 1981 година во Скопје. Дипломира на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2003 година, на насоката Менаџмент. Додипломски студии завршува и на Универзитетот за професионална едукација Fontys во Ајндховен, Холандија, во периодот од 2003 до 2005 година, на насоката Интернационален бизнис и менаџмент. Постдипломски студии завршува на Универзитетот во Мастрихт на Факултетот за економија и бизнис администрација, на насоката Интернационален бизнис - финансии.

Кандидатот е овластен инвестиционен советник при Комисијата за хартии од вредност на РМ.

М-р Александар Павлески учествувал на Кинески бизнис конгрес, одржан во Мастрихт и на NMUN (National Model United Nations) конференција во Њујорк, во април 2006 год.

Кандидатот во периодот од 2001 до 2002 година работи како помошник-сметководител во книговодствената фирма „Контабл" во Скопје.

Во текот на 2004 година работи како стажант во Маркетинг одделение во "ZenSolar" (компанија од областа на обновливата енергија), во Велдховен, Холандија.

Во периодот од март до јуни 2007 година е ангажиран како помлад соработник во Министерството за финансии на РМ, во Одделот за централно планирање и склучување на договори.

Од јуни 2007 до декември 2008 година работи како аналитичар/советник за управување со ризици во НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

Од декември 2008 до март 2011 година работи како портфолио-менаџер/инвестиционен советник во Брокерската куќа „Нови Триглав" АД Скопје.

Одлично го владее англискиот јазик, а добро ги познава холандскиот и германскиот јазик.

Од компјутерските вештини работи Microsoft XP, DataStream, E-views, мултимедијални презентации.

Кандидатот м-р Александар Павлески има солидно стручно образование стекнато во странство, меѓутоа не од соодветната област која се бара според Конкурсот. Кандидатот не поседува искуство во наставно-образовната дејност и нема доставено стручни трудови како доказ за научноистражувачка работа.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Тања Иванова** е родена на 24 јануари 1983 година во Кочани. Дипломира на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката Економија.

Постдипломски студии завршува на Економскиот факултет во Скопје, на насоката Монетарна економија.

Во периодот август 2007 до февруари 2008 година работи како асистент за продажба во Хипермаркет „Рамстор", Скопје.

Кандидатката поседува основни познавања од англискиот и францускиот јазик и солидно ги користи МС Office и Internet Explorer.

Комисијата утврди дека кандидатката м-р Тања Митева има магистрирано во областа монетарна економија, која не е предмет на интерес во овој Конкурс, поседува скромно, несоодветно практично искуство и нема доставено научни трудови.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Разгледувајќи ги приложените материјали на кандидатите, а врз основа на покажаните резултати во наставно-образовната и научноистражувачката дејност, Комисијата го издвојува само кандидатот м-р Илија Груевски како кандидат за избор во соработничко звање асистент во научната област ***финансии*** на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Имено, според Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, кандидатот м-р Илија Груевски во потполност ги исполнува критериумите за избор во соработничко звање асистент во научната област *финансии*, со вкупно 47,6 поени.

Тој покажува голема способност во наставно-образовната и научноистражувачката дејност, располага со неопходните вештини потребни за успешна надградба во образовната и истражувачката работа и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски и задачи. Реализираното искуство во неговата стручна област претставува своевидна предност, во смисла на подобра апликација на практично стекнатите истражувачки методи во наставно-образовната и научноистражувачката работа.

Врз основа на приложените материјали, разгледувајќи го досегашното образование и досегашната стручна и научноистражувачка активност на кандидатот, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, **м-р Илија Груевски да го избере во звањето асистент за наставно-научната област *финансии*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов – член, с.р.**
**Доц. д-р Крсте Шајноски – член, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на м-р Илија Груевски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Реден број од прегледот за наставно-образовна (НО) дејност - Правилник за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (*Универзитетски гласник* бр.12, декември 2009, стр. 119 – 122):** | | | |
| ***(А) Наставно-образовна активност (НО)*** | | | |
| 5. Интерна скрипта од вежби | 1 | 2 | 2 |
| 26. Вежби (неделен просечен фонд) | 108 | 0,2 | 21,6 |
| **Вкупно** | | | **23,6** |
| ***(Б) Научноистражувачка активност (НИ)*** | | | |
| 11. Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| 13. Учесник во научен проект | 1 | 2 | 2 |
| **Вкупно** | | | **6** |
| **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| 5. Труд во стручно списание во земјава | 4 | 2 | 8 |
| 17. Елаборати и експертизи | 5 | 2 | 10 |
| **Вкупно** | | | **18** |
| **ВКУПНО:** | | | **47,6** |